преставувања. Планираме поставување на уште еден билборд и патокази на влезот во Штип од правецот од Скопје и Радовиш.

П р е г л е д
**на планирани приходи и расходи**

| Приходи | | Расходи | |
|---|---|---|---|
| Приходи од такси билети | 3.000.000 | Бруто плата | 2.400.000 |
| Приходи од ноќевање | 1.000.000 | Хранарина и др. тр. на вработ. | 420.000 |
| Приходи од трговска стока | 400.000 | Потр. материјал и суровини | 600.000 |
| Приходи од СО Штип-буџет | 1.500.000 | Набавна вредност | 320.000 |
| Вкупно: | 5.900.000 | Потрошена ел. енергија | 400.000 |
| | | Трошоци за услуги | 50.000 |
| | | Амортизација | 300.000 |
| | | | **4.490.000** |
| | | Трошоци за реновирање | 1.000.000 |
| | | **Вкупно**: | **5.490.000** |

Програма за работа за 2007 година на
**РЕ "Пазар со наплатна служба"**

Делот од работната единица "Пазарна служба" врши пазарни услуги редовно одржување на новиот и стариот пазар, издавање на ваги, резервации на тезги и наплата на пазарна такса. Редовно врши сервисирање на неисправните ваги и тезги и редовно одржување на хигиената со метење, миење и собирање на отпадоци во и околу пазарот.

Покрај извршувањето на секојдневните редовни работни задачи во текот на 2007 година се планирани и следниве активности:

| | |
|---|---|
| 1. Поправка на старите тезги со проценета вредност од | 50.000,00 |
| 2. Санирање на дел од плато 314 со проценета вредност | 100.000,00 |
| 3. Набавка и поставува. на тезги од затворен тип проценета вредност | 500.000,00 |
| Вкупно: | 650.000,00 |

Наведените активности се планира да се финансираат од сосптвени извори.

П р е г л е д
**на планирани приходи и расходи**

| Приходи | | Расходи | |
|---|---|---|---|
| Приходи од пазарна такса | 1.400.000,00 | Потрош. матер. и суров. | 650.000,00 |
| Приходи од резервации | 850.000,00 | Потрош. елек. енергија | 50.000,00 |
| Други приходи | 534.400,00 | Потрошено гориво | 15.000,00 |
| Вкупно: | 2.784.400,00 | Трошоци за услуги | 20.000,00 |
| | | Амортизација | 250.000,00 |
| | | Бруто плата | 1.400.000,00 |
| | | Хранар. и др. трош. на враб. | 358.000,00 |
| | | **Вкупно:** | **2.743.000,00** |

Делот од работната единциа - Наплатна служба во текот на 2007 година планира редовно да ги извршува своите обврски околу фактурирање и доставување на сметки за вода и смет од домакинствата во Штип, н. Стар Караорман, с. Долани и с. Деагоево. Наплатата на сметките ќе се врши преку инкасантите и четирите наплатни центри и преку сите банки во градот. Ќе се врши редовно утужување на лица кој го немаат платено својот долг повеќе од шест месеци како и исклучување од водоводната мрежа на редовни неплаќачи. Ќе организира акции за откривање на диви приклучоци како и замена и сервисирње на неисправни водомери. Заради секојдневно ажурирање на наплатата се планира електронско поврзување на сите наплатни центри со централата за наплата и изготвување на сметки. Поради елиминирање на грешки при читање и внесување на состојбите на броилата се планира да се обезбедат електронски читачи со што ќе се подобри ефикасноста во работењето на наплатната служба.

**Дополнување на Програмата за работа на ЈП "Исар"-Штип за 2007 година**

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и канализации за 2007 година во делот на изградба и реконструкција на канализациони линии треба да се дополни со:

- доизградба на канализациоина линија по ул. "Димитар Влахов" - пумпна станица,
- доизградба на канализациона линија по ул. "Благој Мучето" со должина од околу 250м[1].

Во текот на оваа година планирано е да заврши реконструкцијата на предвидените канализациони лини од I фаза (неповаратни средства обезбедни од Министерството за транспорт и врски).

112.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО - 20 МАЈ -

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за одбележување на денот на пожарникарството - 20 мај.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1467/2 — Градоначалник
4 мај 2007 година — на Општината Штип,

Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

113.

Врз основа на член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО - 20 МАЈ -

I

Се донесува Програмата за одбележување на денот на пожарникарството - 20 мај.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1467/1
27 април 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

114.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "АВТОКОМАНДА" ДЕЛ ОД УБ 33 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Автокоманда" дел од УБ 33 Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1468/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

115.

Врз основа на член 22 и член 26 точка 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "АВТОКОМАНДА" ДЕЛ ОД УБ 33 ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со утврдува Нацрт-ДУП за дел од населба "Автокоманда" дел од УБ 33 Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 19/06.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење број 1008-2788/5 од 12 јануари 2007 година
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1468/1
27 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

116.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО БАРАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Заклучокот по Барањата за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1357/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

117.

Врз основа на член 21 точка 25 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ПО БАРАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се усвојува Заклучокот барањата за еднократна парична помош и финансиски средства во 2007 година комисиите да не ги разгледуваат и службите да ги одбиваат веднаш по добивањето.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1357/4
27 април 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

118.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1469/2
4 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

119.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. "Мултимедиа"-Скопје за проектот"Арт Генератор"-Младинска уметничка платформа - 12.000,00 денари.
2. НУ Центар за култура "Ацо Шопов"-Штип за традиционалната манифестација "Во чест на поетот" за збирката "Чехопек"од Ристо Лазаров - 5.000,00 денари.
3. Здружението на инвалиди на трудот - Штип за Меѓуопштинските спортски игри за пензионерите инвалиди на трудот - 10.000,00 денари.
4. Радио клуб "Никола Тесла"-Штип за учество на Светскиот радиоаматерски собир во Германија - 20.000,00 денари.
5. Аеро-клуб "Штип"-Штип за организирање на првиот лига натпревар во прецизно слетување со Параглајдер - 10.000,00 денари.
6. Здружение "Македонски Егеј"-Штип за спонзорство на 13-тата Републичка Велигденска средба на Македонците од Егејска Македонија - 10.000,00 денари.
7. СОУ "Коле Нехтенин"-Штип за меѓународната Олимпијада по мехатроника - 30.000,00 денари.
8. СОУ "ЈанеСандански"-Штип, СОУ"Димитар Мирасчиев"-Штип, СОУ "Коле Нехтенин"-Штип, СОУ"Сергеј Михајлов"-Штип за образовниот саем "Образовно рандеву 2007 година"-15.000,00 денари за секое училиште.
9. Одборот на црквата "Свети Ѓорѓија" од с. Лесковица - 10.000,00 денари.
10. Здружението на Ромите Черења-Штип за одбележување денот на Ромите 8-ми април - 20.000,00 денари.
11. Здружението за хуманитарни активности "Синергија"-Штип - 10.000,00 денари.
12. Општински противпожарен сојуз-Штип - 7.000,00 денари.

13. Меѓуопштинско здружение на цивилните инвлиди од војната -Штип - 10.000,00 денари.
14. Црквата "Света Петка" од с. Кошево - 6.000,00 денари.
15. За реализација на проектот "Промоција на Законот за еднакви можности на мажите и жените и изготвените документи за заштита на правата на жените" - 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1469/1
27 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

120.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1470/2
4 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

121.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на

граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се доделува финански средства за лекување на:
1. Џемаил Демиров - 6.000,00 денари.
2. Кенан Ќиримов - 3.000,00 денари.
3. Кате Димитриевска - 3.000,00 денари.
4. Рамадан Адемов - 4.000,00 денари.
5. Ленче Дечева - 3.000,00 денари.
6. Иле Вучковски - 3.000,00 денари.
7. Елизабета Апостоловска - 6.000,00 денари.
8. Демиран Османов - 3.000,00 денари.
9. Оливера Радевска - 3.000,00 денари.
10. Панче Биков - 6.000,00 денари.
11. Јанко Гицев - 6.000,00 денари.
12. Аисер Демирова - 3.000,00 денари.
13. Јусин Ајрушов - 6.000,00 денари.
14. Ѓулџан Мамудова - 3.000,00 денари.
15. Илинка Горгиева - 3.000,00 денари.
16. Сузана Мемедова - 4.000,00 денари.
17. Сабрије Идризова - 3.000,00 денари.
18. Сузана Јусинова - 3.000,00 денари.
19. Семран Османовиќ - 6.000,00 денари.
20. Ристе Мишев - 3.000,00 денари.
21. Енис Мамудов - 6.000,00 денари.
22. Данчо Петров - 3.000,00 денари.
23. Стефан Ананиев - 3.000,00 денари.
24. Мања Рамаданова - 3.000,00 денари.
25. Атанасова Блага - 5.000,00 денари.
26. Стоева Лилјана - 5.000,00 денари.
27. Павлова Петкана - 6.000,00 денари.
28. Николовска Даница - 6.000,00 денари.
29. Назли Дурмишева - 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1470/1
27 април 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

122.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

I

Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1471/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с.р.

123.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на:

1. Сенад Арсланов - 3.000,00 денари.
2. Панче Јанков - 3.000,00 денари.
3. Илија Јованчев - 3.000,00 денари.
4. Гроздана Митрева - 3.000,00 денари.
5. Демир Зејнелов - 3.000,00 денари.
6. Мики Трајчевски - 3.000,00 денари.

7. Влатко Јовановски - 3.000,00 денари.
8. Роберто Поп Димитров - 3.000,00 денари.
9. Ангел Бочваров парична помош за пожар - 10.000,00 денари.
10. Јован Димоски парична - 3.000,00 денари.
11. Цвета Спасикова за издавање на поетската збирка "Здивот на Брегалница" и за драмата "Убавата бегалка"-10.000,00 денари (по 5.000,00 денари за секоја книга).
12. Трајко Босеовски за поетската збирка "Срцеводачот" - 5.000,00 денари.
13. Тимовски Александар - 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1471/1
27 април 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

124.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип.

.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1472/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

125.

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ", број 68/04 и 127/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

ОДЛУКА
за авто-такси превоз на патници на подрачјето на
Општината Штип

## I. Основни одредби

Член 1

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превозот на патници во Општината Штип во делот на:

- локацијата и капацитетот на такси станиците, отворање на нови и укинување на постојните;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- бојата на возилата со кои се вршат -такси превоз на патници;
- утврдување на тарифата за авто-такси превозот;
- издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз;
- максимален број на такси возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници.

## II. Локација и капацитет на такси станици, отварање на нови и укинување на постојните

Член 2

Авто-такси возилата кои вршат превоз на патници на подрачјето на Општината Штип задолжително стојат на такси станици.

Такси станиците се определуваат и се утврдуваат со следниот капацитет:

| Р.б. | Име на такси станица | Локација на такси станица | Капац. на ТС |
|---|---|---|---|
| 1. | Трговски центар | Кеј "Маршал Тито" | 8 |
| 2. | Здравен дом | Кај "Маршал Тито" | 8 |
| 3. | Болница | ул."Тодор Коларов" | 5 |
| 4. | Хотел"Оаза" | ул."Маршал Тито"до кејот на р.Отиња | 5 |
| 5. | Црква"Св.Никола" | ул."Маршал Тито"-источна влезна врата | 2 |
| 6. | Текст. училишен центар | ул."Генерал Михајло Апостолски" | 3 |
| 7. | Црква Св.Спас | нас."Ново Село"ул."Крсте Мисирков" | 5 |
| 8. | Нова пошта | ул."Вардарска" | 8 |
| 9. | Мал тргов.центар-Дујле | ул."Борис Кидрич" | 5 |
| 10. | ОУ"Гоце Делчев" | Раскрс. на ул."Радански пат"и"Сутјеска" | 5 |
| 11. | Трг.цент.Н.Автокоманда (времени објекти) | ул."Сутјеска " | 5 |
| 12. | Автобуска станица | ул."Партизанска"-паркинг | 5 |
| 13. | Градски пазар | паркинг простор | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Баби | ул."Јајце" | 6 |
| 15. | Сењак 4 | ул. "Сајбие Демир" | 4 |
| 16. | Сењак 3 | ул."Сремски фронт"(спрема градинката) | 4 |
| 17. | Дузлак | ул. "Драги Крупишки" | 2 |
| 18. | Завод за вработување | ул. "Гоце Делчев" | 5 |
| 19. | Железничка станица | ул. "Гоце Делчев" | 2 |
| 20. | Стопанска банка | ул."Ванчо Прке" | 5 |
| 21. | Пионерски дом | ул. "Михајло Апостолски" | 2 |
| 22. | СОУ "Јане Сандански" | ул."Трајко Кошевски" | 2 |

Член 3

За отварање на нова, измена на капацитет и укинување на постојна авто-такси станица одлучува Советот на Општината Штип, по предлог на Одделението за комунални дејности(во натамошниот текст: надлежен општински орган).

Иницијатива за отварање на нова и измена на капацитетот на постојна авто-такси станица може да даде Здруженијата на авто-такси превозници (во натамошниот текст: Здруженија), надлежниот општински орган или урбаната заедница во Општината Штип.

Постојна авто-такси станица може да се укине заради:
- реализација на урбанистички план,
- барање од надлежен орган на управата и
- несоодветно користење и одржување.

## III. Обележување, опремување и начин на користење на авто-такси станиците

Член 4

Обележувањето на авто-такси станица се врши врз основа на сообраќајно техничка документација, изготвена согласно со позитивните прописи, нормативи и стандарди.

По извршен технички преглед,Одделението за комунални работи, патишта и сообраќај издава решение за употреба на авто-такси станицата.

Обележувањето на авто-такси станиците го вршат ЈП "Штип-проект".

Член 5

На авто-такси станицата се поставуваат корпи за отпадоци, а за чистотата и уредноста на станицата се грижат авто-такси превозниците.

Член 6

Трошоците за обележување и опремување на нова авто-такси станица, како и изготвувањето на документацијата од член 4 на оваа Одлука, се на товар на авто-такси превозниците, во согласност со Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општината Штип.

Член 7

Определените такси станици можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од Општината на чие подрачје имаат седиште.

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку авто-такси возила колку што е капацитетот на станицата.

Член 8

Начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците се уредува со Правилник кој го донесува Советот на Општината Штип.

## IV. Боја на возилата

Член 9

Бојата на возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници е слободна.

На предните бочни врати на возилото се истакнува налепница со димензии А4 формат од самолеплива фолија со бела основа и натпис кој го содржи: зборот "TAXI", грбот на Општина Штип и бројот на изводот од лиценцата на такси превозникот. Натписот е изработен во црна боја.

Налепницата од претходниот став ќе биде еднообразна и ќе може да се набави само од овластен субјект од страна на Општината.

Натписот "TAXI" се истакнува на покривот на возилото на пластична табла со жолта основа со црн раб и црни букви.Натписот е еднообразен, осветлен од внатрешната страна, читлив од предната и задната страна и синхронизиран со фискалниот апарат.

Таблата од став 3 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350x160 мм, на горната површина 250x80 мм со заоблени рабови, висина 120 мм и дебелина на работ на таблата 15 мм. Големината на буквите е 40x70 мм со дебелина на буквите од 10 мм.

## V. Тарифа

Член 10

Тарифата за авто-такси превозот Одделението за комунални дејности ја усогласува со здруженијата, а ја утврдува Советот на Општината Штип.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со фискален апарат според утврдената тарифа.

Тарифата по која се наплатува авто-такси превозот изнесува:

Старт (почеток) на превозот и превоз до 1,5 км ----------- 30 денари

1. Изминат километар ------------------------------------------ 15 денари

Превозникот е должен во возилото на видно место да ја истакне тарифата.

## VI. Лиценца

Член 11

За вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип Одделението за комунални дејности издава лиценца и извод од лиценца за секое возило и може да ги одземе под услови утврдени со Закон.

Лиценцата се издава со рок на важење од 1 година.

Условите, начинот и постапката за издавање на лиценцата се утврдува со Правилник кој го донесува Советот на Општината Штип.

Превозникот е должен во возилото да го има оригиналниот извод од лиценцата.

Член 12

Бројот на авто-такси возила на територијата на Општината Штип се ограничува на 250 возила.

За изменување на бројот на авто такси возилата (лиценци) одлучува Советот на Општината Штип, а иницијатива можат да поднесат Здруженијата на авто такси превозниците или надлежниот општински орган.

**VII. Надзор**

Член 13

Надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши Одделението за комунални дејности, а инспекциски надзор врши инспекцијата за патен сообраќај, локални патишта и улици.

**VIII. Казнени одредби**

Член 14

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

**IX. Преодни и завршни одредби**

Член 15

Обележувањето и опремувањето на авто-такси станиците ќе се изврши во рок од 3 месеци од денот на исполнување на рокот на член 16.

Член 16

Превозниците кои вршеле авто-такси превоз согласно Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ", број 7/99) се должни да го усогласат работењето со одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ", број 68/04, 127/06) најдоцна до 30 јуни 2007 година.

Член 17

Правилниците од членот 8 и членот 11 ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 18

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/99, 04/99).

Член 19

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701- 1472/1
27 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

126.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0701-1473/1 ОД 27 АПРИЛ 2007 ГОДИНА

1. Се запира објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број 0701-1473/1 донесен на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 27 април 2007 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

### О б р а з л о ж е н и е

Со одредбите на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа е дадено право на градоначалникот да запре објавување на пропис донесен од Советот на Општината доколку смета дека истиот не е во согласност со Уставот и законите.

Согласно овие одредби го донесувам Решението од следните причини:

По барање на членот на Советот Владимир Соколов поднесено на продолжувањето на седницата одржана на 2 мај 2007 година градоначалникот да го запре објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип со цел пред објавувањето истиот да се усогласи со позитивните законски прописи.

Постапувајќи по барањето се донесува напред наведеното Решение.

Број 08-1473/2
4 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

127.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ

ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕТО, ОПРЕМУВАЊЕТО
И КОРИСТЕЊЕТО НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ
ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општината Штип..

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1474/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

128.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 8 од Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 6/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето
на такси станиците во Општината Штип

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредува обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците во Општина Штип.

Член 2

Такси станицата се обележува, опремува и користи согласно Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 6/07).

## II. Обележување на такси станицата

Член 3

Такси станицата се обележува со табла за известување и со ознаки за обележување на површината наменета за паркирање на такси возилата.

Член 4

Таблата за известување содржи натпис "ТАХИ", а под него текст "ТАКСИ СТАНИЦА" испишано на македонски јазик со кирилско писмо.

Таблата од став 1 на овој член има облик на правоаголник со димензии 900х600 мм, со основна сина боја, натписот "ТАХИ" и оквирната линија се со бела боја, а буквите на текстот се со црна боја.

Член 5

На површината на такси станицата мора да бидат обележани (исцртани, иштрафирани), со стандардни ленти-штрафти онолку места за стоење на такси возилата колку што е капацитетот на такси станицата.

На површината на секое обележано место за стоење на такси возилата е испишана ознака "ТАХИ".

Лентите за обележување на местата за стоење на такси возилата и буквите на ознаките "ТАХИ" се со жолта боја.

**III. Опремување на такси станица**

Член 6

На такси станиците се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се постави и друга урбана опрема (настрешници, клупи за седење, телефонски говорници и др.).

Потребниот број на корпи на една такси станица зависи од капацитетот и видот на паркирање.

По една корпа за отпадоци се утврдува за:

- капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
- капацитет од 5 такси возила при нормално и косо паркирање.

**IV. Тарифа и начин на користење на такси станиците**

Член 7

На такси станиците возилата се паркираат по редот на доаѓање.

За време додека е паркирано возилото на такси станиците возачот е должен да се наоѓа во или непосредно покрај возилото.

На една такси станица во исто време може да стои само едно возило од еден авто-такси превозник.

Член 8

За користење на паркинг просторот на такси станиците авто-такси превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 100,00 денари по возило месечно и тоа за една година однапред.

**V. Завршни одредби**

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701- 1474/1 | Претседател |
| 27 април 2007 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

129.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2007 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Програмата за остварување на социјалната заштита за 2007 година за Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1494/2
4 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

130.

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" број 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), Програмата за остварување на социјалната заштита за 2007 година на Владата на РМ ("Службен весник на РМ" број 9/07), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 15 точка 7 и член 21 точка 11 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 2 мај 2007 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за остварување на социјалната заштита за 2007 година за Општината Штип

***Појдовна основа***

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Штип во 2007 година се заснова на Законот за социјалната заштита; Законот за семејство; Законот за вработување на инвалидните лица; Кривично правните прописи, Програмата за остварување на социјална заштита во РМ за 2007 и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Оваа програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална работа, специфичните потреби на населнието на Општина Штип и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Во Програмата се применети политиките и определбите на локалната самоуправа за 2007 година со која се имплементираат стратешките приоритети на Општината за тековната година, односно Буџетот на Општината Штип за 2007 година, но и од мерките утврдени со политиката и документите на национално ниво.

Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Оваа програма се темели на потребите на граѓаните за да може да се организира социјалната заштита за лица со физичка попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и алкохол, преку организирање на вонинституционална и институционални облици на социјална заштита и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита.

Програмата предвидува директна поврзаност со месно надлежните центри за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална заштита во правец на постојано унапредување на истите.

### *I. Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита*

Социјалната заштита во Општина Штип и во 2007 година ќе се реализира преку обезбедување на услуги и мерки за социјална превенција, вонинституционална заштита за граѓаните кои се изложени на основните социјални ризици.

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) ќе се распределуваат како еднократна парична помош според следните критериуми утврдени од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократка парична помош, усвоен од Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година:

- Лекување со оперативен зафат надвор од државата - 8.000 денари
- Лекување надвор од државата - 6.000 денари
- Лекување со оперативен зафат во државата - 4.000 денари
- Лекување со соодветни испитувања - 3.000 денари

Составен дел на барањето е медицинска документација со која подносителот на барањето располага.

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави).

Помошта во зависност од причинета штета е од две категории:

- Прва категорија - 20.000 денари
- Втора категорија - 10.000 денри

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид и проценетата штета од СВР-Штип.

Предност за користење на средствата ќе имаат:
- жители на Општината Штип
- непотполни семејства
- самохрани родители
- семејства во кои живеат хендикепирани лица
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства во кои работи само еден член од семејството

Барателите се должни да достават решение или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

***II. Активности во социјалната заштита***

1. ***Продлабочување на процесот на децентрализација во социјалната заштита***

Ќе се преземат активности за развивање на соработка на полето на социјалната заштита помеѓу локалната власт со централната власт претставувана од Министерството и центрите за социјална работа. Анализата на искуствата од оваа фаза на децентрализацијата, ќе помогне, во наредниот период да се оди кон продлабочување на процесот на децентрализација.

***2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост***

Министерството за труд и социјална политика ќе биде еден од клучните носители на процесот на подготовка на Заедничкиот меморандум за инклузија, кој претставува основен документ во подготовката на Република Македонија како земја кандидатка за членство во ЕУ, да земе учество во отворениот метод на координација на социјалното вклучување. Заедничкиот меморандум за инклузија е средство за започнување на преведувањето на социјалните цели на ЕУ во нашите национални политики.

Во Заедничкиот меморандум за инклузија ќе бидат исцртани основните предизвици со кои се соочуваме на планот на справувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост и истиот ќе биде целосно вграден во стратегијата на локално ниво според условите и потребите во Општина Штип.

Во таа смисла оваа програма предвидува локалната самоуправа да прави напори и создава услови за градење на политиките за социјално вклучување при што во преден план ќе биде развојот на вонинституционалните форми за социјална заштита на ранливите групи кои се истовремено, најмногу засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост.

Со оваа програма ќе се поддржува стремежот на Министерството за труд и социјална политика на локално ниво да се овозможи превенција од социјално исклучување преку продлабочување на мултиресорската соработка со сите заинтересирани страни на локално ниво.

Во 2007 година, според оваа програма Општина Штип освен зајакнувањето на постоечките форми на вонинституционална заштита, ќе започне и со востановувањето на нови форми на заштита и социјални услуги како што се: мали групни домови за лица со интелектуална попреченост, лица со физичка инвалидност; клубови и дневни центри за стари и инвалидни лица и други форми на услуги во заедницата.

Во рамките на расположивите финансиски можности, на биолошките семејства кои ќе се грижат за своите членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, повремено ќе им се помага со финансиски средства за задоволување на потребите за овие лица.

За креирање на соодветен систем на справување со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво според актуелните потреби ќе бидат реализирани според Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократка парична помош.

### *3. Тековни активности во социјалната заштита*

Ќе се работи на создавање на услови за основање и отпочнување со работа на:

- Континуирано превентивно делување и подигање на свеста во однос на намалување на појавата на жртви на семејното насилство;
- Континуирано превентивно делување и подигање на свеста во однос на трговијата со луѓе;
- Покренување на активности во однос на актуелизацијата/популаризацијата на постоечкиот СОС телефон Јавна здравствена установа "Болница".
- Покренување на иницијатива за отворање на мобилна народна кујна;
- Имплементирање на законски предвидените нормативи во однос на малолетничката правда;
- Воведување на формите за сместување во згрижувачки семејства;
- Клуб и дневен центар за деца на улица-улични деца;
- Клуб и дневен центар за рехабилитација од болести на зависност. (алкохол, дрога и никотин);
- Клуб и дневен центар за лица со посебни потреби со над 18 години;
- Клуб и дневен центар за стари и изнемоштени лица;
- Дом за стари лица.

Програмата предвидува и вклучување на здруженија на граѓани, на приватната иницијатива и на правни и физички лица во социјалната заштита. По заокружувањето на законските прописи со кои се создадени услови за вклучување на невладиниот сектор во вршењето на одредени работи од социјалната заштита во изминатиот период, во 2007 година Општината Штип изготви Локален акционен план за социјална заштита во кој детално се разработени програмите и активностите предвидени со оваа програма кои треба да се реализираат со конкретни проекти за подобрување на ефективноста и ефикасноста за ситемот на социјална заштита во Општина Штип. Ќе се настојува партнерски однос за одредени работи од социјалната заштита да се изгради и со физичи лица кои ги исполнуваат пропишаните законски услови.

## *III. Финансиски средства за социјална заштита*

За остварување на Програмата за социјална заштита за 2007 година ќе бидат користени средствата во Буџетот на Општината за 2007 година во висина од 1.100.000,00денари и наменски средства од Министерството за труд и социјална политика, како и од донаторства од физички и правни лица.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во"Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1494/1
2 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

131.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акционен план за социјална заштита.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1495/2
4 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

132.

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" број 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), Програмата за остварување на социјалната заштита за 2007 година на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 6/07), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 15 точка 7 и член 21 точка 11 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 2 мај 2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН
ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

I

Се донесува Локален акционен план за социјална заштита.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1495/1
2 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

133.

**ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во функција на имплементација на процесот на децентарализација во социјалната заштита, Општина Штип изработи Акционен план за успешно остварување на социјалната заштита во својата локална заедница преку реализрање на развојни програми за организирање и развивање на облици и форми на социјални услуги според спечифичните потреби на одделни групи од кои се наоѓаат во социјален ризик.

**Акциониот план за социјална заштита** со дефинираните програмите ќе овозможи унапредување на системот на социјална заштита на ранливите групи на граѓани, преку обезбедување на разни форми на социјални услуги во соработка со социјалните сили на ниво на општината и реализирање на Националната програма за социјална заштита.

Во оваа смисла, Акциониот план за социјална заштита е насочен кон воведување на сеопфатни, ефикасни и функционални вон-институционални форми на социјална заштита, и услуги кои ќе бидат достапни до сите корисници кои имаат потреба од нив.

Исто така ќе овозможи креирање и развој на проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, со што посредно се делува на нивните можности за вклучување во општествените текови на животот.

Со ова, се очекува и индиректно влијание на започнатите процеси на де-институционализација во социјалната заштита.

**ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е **Законот за социјалната заштита**.

Врз основа на Законот за социјалната заштита, Владата на Република Македонија на почетокот на секоја година носи **Програма за остварување на социјалната заштита**.

**Законот за социјалната заштита**, во општите одредби, поточно во членот 5-а, ја регулира надлежноста на општините во обласа на социјалната заштита. Согласно овој закон, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување ***сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните***

***од оваа областа***, ги обезбедуват обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје можат да обезбедат остварување на социјалната заштита на:

- лицата со телесна попреченост
- децата без родители и родителска грижа
- децата со посебни потреби
- децата на улица
- децата со воспитно-социјални проблеми
- децата од еднородителски семејства
- лицата изложени на социјален ризик
- лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол
- старите лица без семејна грижа

преку вон-институционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита, согласно со одредбите од овој закон.

Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, од особена важност е **Законот за локалната самоуправа**.

Покрај овие два закони, од значење за креирањето на акционите планови на единиците на локалната самоуправаа, е и **Законот за финансирање на единците на локалната самоуправа** кој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите и можноста за финансирање преку задолжување.

Законот за локалната самоуправа претставува основна правна рамка за процесот на децентрализација. Го регулира финансирањето на функциите на опШтините и дефинира два вида приходи: сопствени извори на приходи и друфи извори на финансирање. Покрај овој закон, исто така од голема важност за процесот на децентрализација е и **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа**. Овој закон треба да обезбеди правна рамка и услови за операционализирање на уставните одредби во однос на самостојноста на единиците на локалната самоуправа. Целта на ваквиот закон е доследно и целосно да се операционализираат уставните одредби во однос на самостојноста на единиците на локалната самоуправа, со што таа ;е се стане вистинска темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Сопствените извори на приходи треба да обезбедат функционална и финансиска самостојност на општинити утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа:

- локалните даноци (даноците од имот и други локални даноци утврдени со закон;
- локалните такси (комуналните такси, административните такси и други локални такси утврдени со закон);
- локалните надоместоци (надоместокот за уредување градежно земјиште, комунални надоместоци, надоместоци за просторни и урбанистички планови и други локални надоместоци утврдени со закон);
- приходите од сопственост (приходи од закупнини, од камати и од продажба на имот со која не се нарушува извршувањето на јавните функции и надлежности на општината);

- дел од приходите од персонален данок на доход наплатени во тековната година (како 100% наплатен од физички лица кои вршат занаетчиска дејност на подрачјето на општината согласно Законот за занаетчиска дејност и како 3% од приходот од персонален данок на доход од лични примања на физички лица со постојано живеалиште или престојувалиште во соодветната општина);
- приходи и самопридонеси;
- приходи од парични казни утврдени со закон;
- приходи од донации и
- други приходи утврдени со закон

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

**Социјалната заштита претставува** организирана дејност од страна на Република Македонија за спречување и надминување на основните социјални ризици, на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот. **Основните социјални ризици**, на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравје (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Социјалната заштита што ќе се развива на локлано ниво, на граѓаните ќе обезбеди **социјална помош и социјални услуги** кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

**На локално ниво организирањето на социјалната заштита значи организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.**

Надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјална заштита е регулирана со **Законот за локалната самоуправа** и со **Законот за социјалната заштита** и се во согласнот со Политиката на Министерството за труд и социјална политика и постојните законски регулативи за социјална заштита. Основни нослители на социјалната заштита се:

- Државата преку Министерството за труд и социјална политика,
- Локалната зедница,
- Приватниот сектор и
- невладиниот секор.

**Единиците на локалната самоуправа** како едни од главните носители на социјалната заштита во остварувањето на своите надлежности од областа на социјалната заштита се одговорни за:

- донесување на развојни програми за социјална заштита,
- основање јавни установи за социјална заштита,
- развивање вонинституционални форми за социјална заштита и
- реализирање социјални програми во соработка со останатите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и невладините организации.

Како основни носители на социјалната заштита која ја организира и спроведува Државата, а кои делуваат и локално, **Центрите за социјална**

**работа** како јавни установи, при спроведувањето на социјалната заштита и стручната работа, имат надлежност и во :

- применување и спроведување програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје и
- поттикнување, организирање и координирање волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Советите на општините, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје може да донесе одлука за основање на јавна установа по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика.

Одобрение за основање на јавната установа издава Владата по претходно мислење на Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, условите, постапката за основање, организацијата, управувањето и раководењето, видовите и дејноста на установите за социјална заштита, се уредени во Законот за социјалната заштита (чл.39-89).

Согласно Законот за локалната самоуправа (член 22 став 1 точка 7), општините и градот Скопје се надлежни[1] за:

- социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);
- остварување на социјална грижа за инвалидните лица;
- децата без родители и родителска грижа;
- деца со воспитно-социјални проблеми;
- деца со посебни потреби;
- деца од еднородителски семејства;
- децата на улица;
- лицата изложени на социјален ризик;
- лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол;
- подигање на свеста на населението;
- домување на лица со социјален ризик;
- остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

**Заклучок:** Согласно Законот за социјалната заштита (член 5-а): општините и градот Скопје **организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита** во согласност со овој закон, преку **донесување сопствени развојни програми** за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита, ги обезбедуват обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Градот Скопје и општините можат да основаат јавна установа за **вон-институционална и институционална заштита** врз основа на одобрение согласно со законот за социјалната заштита, освен центар за социјална работа и јавна воспитна установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение.

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

---

[1] Vr{eweto na ovie nadle`nosti se vo soglasnost so Nacionalnata programa za razvoj na socijalnata za{tita.

Системот на социјалната заштита се засновува на **начелата** на:
1. социјална праведност и солидарност,
2. давање посебна заштита на немоќните и на неспособните за работа,
3. посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Покрај овие уставно-загарантирани начела, со измените во законот за социјалната заштита од 2004 година, се прокламираат уште и начелата:
1. децентрализација,
2. де-институционализација, и
3. плурализација во областа на социјалната заштита.

Паралелно со процесот на **децентрализација** на надлежностите во социјалната заштита, од централната власт на локалната самоупрва, се одвиваат и процесите на **плурализација** и **де-институционализација** во социјалната заштита. Овие процеси се меѓусебно поврзани, условени еден со друг и подеднакво значајни за приближување на социјалните услуги до граѓаните.

Зајакнувањето на мрежата на услуги кои ќе ги даваат физичките и правните лица и здруженијата на граѓани, е услов за успешното спроведување на процесот на децентрализација. Во развој на мрежата на социјални услуги, развивање на процесот на деинституционаизација и воедно реализирање на Акциониот план за социјална заштита, општината е наопходно:
- да развива и јакне соработката помеѓу сите владини и невладини институции кои вршат работи во областа на социјалната заштита.
- Да развива сервисни услуги и форми на вон-институционална заштита: центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување на социјално-исклучените лица, формирање на мали групни домови, развивање на мрежата на згрижувачки семејства и слично.

## СОЦИЈАЛНО ПАРТНЕРСТВО

Социјално партнерство претставува здружување на повеќе институции и организации заради поефикасно остварување на поставените цели за одредена социјална потреба. Институциите и организациите кои третираат одреден проблем, влијаат врз неговото решавање од свој аспек, парцијално. На тој начин не се постигнува целосно третирање на проблемот, ниту негово решавање. Може да се постигне само негово делумно ублажување.

За утврдување на состојбите ЕЛС освен ангажирање на сопствени ресурси, општината треба да ги вклучат сите расположиливи институции, организации и други институционални и вонинституционални облици во општината. Општината е главен носител на Акциониот план (програмите) а социјална заштита, како и координатор на активностите и следњење (мониторинг) на реализираните активности и поставените цели.

За успешна соработка помеѓу заинтересираните страни (стакехолдерс) потребно е општината да **формира координативно тело** кое ќе има постојан увид во реализирањето на Локалниот Акциониот план за социјална заштита, како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општината.

Во Општина Штип формирано е координативно тело кое го сочинуваат: Кирил Панајотов, советник по јавни дејности во Општина Штип; Марина Јовановиќ, помлад соработник за Локален економски развој во Општина Штип;

Сенка Андреева, помлад соработник за заштита на животната средина во Општина Штип, Ерол Адемов, референт по ромски прашања во Општината Штип; Бети Пејева, претседател на Едукативно-Хуманитарна организација ЕХО; Мери Лазарова, раководител на Центар за социјална работа Штип; Гордица Данилова, дипл. социјален работник во Центарот за социјална работа Штип; Соња Петровска, претседател на Комисија за општествени дејност; Валентина Дрмова, советник во Совет на Општина Штип; Цвета Давиткова, советник во Советот на Општината Штип; Ѓеорги Ѓеоргиев, претседател на Комисијата за статут и прописи и Данче Николовска, претседател на Комисијата за родова еднаквост

**Главни активности** на Координативно тело (или работно тело):

- идентификација на сите ризични групи на ниво на општината,
- увид и располагање на релевантни податоци ,
- анализа на податоци и состојби,
- вршење на споредбени анализи,
- идентификување на приоритетните интревенции (мерки и фоми на социјална заштита) ,
- идентификување на релевантни социјални сили (институциите, НВО, приватен сектор, инт.),
- следење, утврдување и анализа на постигнати резултати и реализирани активности од имплеменирањето на Акциониот план за социјална заштита,
- редовна комуникација, средби, и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општина ,
- транспаретното работење и објавување на годинишни извешати од имплементирањето на Акциониот план за социјална заштита,
- предлог на нови програми и форми на социјална заштита.

## ИЗРАБОТКА НА АКЦИОНЕН ПЛАН

Кусо упатство за изработка и составни делови на АП

Прв чекор во планирањето е согледувањето на постоечките состојби. Без точно, реално согледување на состојбите не е можно да се утврдат приоритетите и насоките за делување. Социјалното партнерство е основен предуслов за квалитетно утврдување на состојбите. Тоа овозможува сеопфатно истражување на состојбите кај секоја целна група, каде секој од социјалните партнери придонесува со свој придонес кон добивањето. Секој од партнерите треба да се обврзе да ги следи состојбите и движењата на онаа-оние целни групи за кои може да обезбеди најсоодветни и точни податоци. Добро е да се обезбеди и комбинација, каде повеќе институции помеѓусебе би ги проверувале информациите кои ги поседуваат. Во оваа фаза е добро да се користат информации од веќе изработени истражувања, готови материјали, посредни информации, но и од директни насочени истражувања изработени специјално по нарачка на општината. За изработка на директни истражувања е потребно да се ангажираат експерти од областа на истражувањето, како и експерти од конкретната област која се истражува-целна група.

За секоја целна група треба да се одреди посебен истражувачки тим, кој ќе ги собере информациите, ќе ги обработи и даде соодветни анализи на состојбите. Ваквите анализи треба да се изготвуваат периодично, каде должината на периодот за изготвување зависи од динамиката на промените

кај целната група во рамки на општината. Ваквите анализи треба да се споредуваат со сличните анализи од други општини, со општите состојби на ниво на Републиката, како и состојбите во другите земји.

Една ваква анализа треба на корисникот на анализата да му даде доволно информации да се здобие со реална слика за состојбите кај одредената целна група, за бројот на целната група, ризиците на кои се изложени изразени во степени на интензитет, движење на интензитетот на проблемот по години, динамики и трендови. Целосната анализа дава согледување за сериозноста на проблемот, слика за негово зголемување или намалување, влијанието врз заедницата и поединците, ефикасност на мерките кое се преземаат за намалување на проблемите, ефективноста на потрошените ресурси во споредба со постигнатите резултати.

Доколку секоја целна група која се појавува на ниво на општината се обработи сериозно и целосно, тогаш ќе биде лесно да се споредат важностите и влијанието на секој поедничен проблем врз заедницата и ќе можат да се утврдат приоритетите на кои општината мора да влијае. Анализата на целните групи без однапред утврдени критериуми може да биде необјективна и да ги заведе во погрешна насока оние кои ги носат одлуките за утврдување на приоритети. Поради тоа, на ниво на заедницата треба да се усогласат, кои се тие најважните критериуми кои ќе бидат земени во обзир при одлучувањето за приоритетите за делување во рамки на општината. Тие критериуми треба да бидат во пишана форма и јавно комуницирани во заедницата заради остварувањето на принципот на транспарентност во работењето на локалната самоуправа.

Координативните тела, тимови или било која друга форма на организирање на разни институции во рамки на локалната самоуправа, доколку ги имаат ваквите критериуми ќе имаат лесна задача, на транспарентен начин да ги утврдат приоритетите на заедницата и со тоа ги насочат активностите и ресурсите кон решавање на приоритетните проблеми на заедницата. Секако, овие критериуми не се одредуваат еднаш засекогаш, туку се усогласуваат по потреба и поради промените во состојбите на ниво на општината.

Откако ќе се утврдат приоритетните целни групи, се почнува со процесот на планирањето на активностите во насока на решавањето или намалувањето на проблемите кај целните групи.

Планирањето на активностите се прави дури откако ќе се утврдат **целите** кои сакаме да ги постигнеме и ги оствариме посакуваните резултати. Целите треба да се мерливи, реални и остварливи. На пример: сегашната состојба со децата на улица е дека се идентификувани 50 деца на улица на ниво на општина. Целта која ја поставуваме треба да биде на пример, намалување на децата на улица за 30% во рок од една година. За остварување на оваа цел ќе ги спроведеме следните активности (наведе активности). Овие активностите ќе бидат спроведени од страна на следните организации (наведете партнери или слично).

Секоја активност треба да биде пресметана во пари и на крајот ќе добиеме конечен буџет на целокупната програма која е насочена кон решавањето на проблемот на една целна група.

На крајот на предвидениот период, најчесто една година, се споредува планираното со оствареното. Дали се направени планираните активности, дали се направени во обемот колку што се планирани, дали се потрошени толку средства колку се планирани и конечно **дали е постигната целта**, во

нашиот пример дали бројот на децата е намален за предвидениот број-процент.

Доколку дојде до неисполнувањето на целта, треба да се направи анализа зошто целта не е постигната и покрај можеби исполнетите активности кои биле планирани.

Секогаш е добро да се споредите со слични општини и утврдите каква е вашата позиција во споредба со другите. При тоа е дпбро да користите мерливи индикатори, како на пример за згрижување на лица по лице во некоја друга општибна се троши 30% помалку средства него во нашата општина.

## ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД АКЦИОНИОТ ПЛАН

Со имплементацијата на програмите предвидени со Локалниот Акционен план за социјална заштита за Општина Штип се очекува да се намали бројот на лицата со социјален ризик, меѓу кои идентификуваните целни групи: бездомници, деца на улица, страи изнемоштени лица, лица со интелектуален и телесен хендикеп, лица уживатели на дрога и лица жртви на семејно насилство.

За таа цел Општина Штип ќе развие систем за информирање на граѓаните за значењето на услугите од социјалната заштита и ќе ги едуцира граѓаните и сите структури од општината. Воспоставувањето и развивањетона соработката помеѓу граѓанскиот сектор, локалните власти, здравствените и образовните институции и надлежниот Центар за социјални работи е од големо значење за намалување на бројот на целните групи кои ги користат услугите на Центарот за социјална работа.

## РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП И СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОПШТИНИ

Центарот за социјална работа во Општина Штип работи и за Општина Карбинци така да веќе постои соработка со друга општина. Соработките со другите општини и регионалниот пристап овозможуваат воспоставување на секојдневни и вообичаени социјални односи со лица или групи на граѓани од локалната заедница или пошироко.

Ваквата соработка дава можност за економска и социјална соработка во регионот со цел подобрување на социо-економската состојба на граѓаните.

Општина Штип ќе развие практика за меѓусебни консултации и соработка помеѓу сите релевантни субјекти во општините од источниот регион за давање на поддршка за одредени проекти од областа на социјалната заштита кои би имале регионален пристап и ефекти за подобрување на социјалната состојба на граѓаните во регионот.

## АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

### Целни групи, ризици и облици на делување

| | ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| 1. | **Деца на улица** | ▪ асоцијални навики (питачење, | ▪ мобилни тимови за идентификување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Бројот на деца на улица според податоците од СВР изнесува 22 деца.<br><br>Бројот на деца на улица според податоците од НВО изнесува 27 деца. Од нив 17 се до 10 годишна возраст а останатите се повозрасни. Овие деца не се вклучени во образовниот процес. | џепарење)<br>▪ семејна запуштеност (несоодветно воспитување, недоволна грижа за децата)<br>▪ опасност по здрвствена состојба на децата на улица<br>▪ невклученост во образовниот процес<br>▪ изложеност на деликвентно однесување | децата и нивните семејства<br>▪ едукација на родителите и децата<br>▪ клуб и дневен центар за деца на улица<br>▪ организирање на систематски здрвствени прегледи И организирање на вакцинирање<br>▪ вклучување во образовниот процес |
| 2. | **Стари и изнемоштени лица**<br>Не сме во можност да ги издвоиме бројот на стари изнемоштени лица бидејки релевантните институции не располагаат со податок. | ▪ отфрленост од семејството<br>▪ изложеност на болести<br>▪ неспособност за извршување на секојдневните животни потреби<br>▪ изолираност од социјалната средина | ▪функционирање на тимови за домашна посета<br>▪функционирање на тимови за здрвствена заштита<br>▪клуб и дневен центар за стари лица<br>▪дом за стари лица со геријатриски оддел |

| | ЦЕЛНИ ГРУПИ | РИЗИЦИ(ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| 3. | **Лица со интелектуална или телесна попреченост над 18 год.**<br><br>Според податоците од ЦСР бројот на лица со интелектуална и телесна попреченост над 18 години е 408 лица | ▪ отежнато извршување на основните животни потреби<br>▪ изолираност од социјалната средина<br>▪ отежнато вклучување во работниот процес<br>▪ злоупотреба од работодавачите<br>▪ отежнато вклучување во образовниот процес<br>▪ неможност за соодветна грижа и нега од страна на семејството | ▪ функционирање на мобилни тимови за домашна посета(нега и грижа)<br>▪ иницирање изградба на соодветна инфраструктура за лицата со телесна попреченост<br>▪ Клуб и дневен центар за анимирање, згрижување и едукација на лица со интелектуална и и телесна попреченост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Жртви на болести на зависност (алкохол, дрога и никотин)**<br>Според податоци добиени од Секторот за внатрешни работи бројот изнесува 195 лица од | ▪ опасност по здравје<br>▪ конфликти со средината<br>▪ изложеност на девијантно и деликвентно однесување<br>▪ неспособност за редовна вклученост во образовниот процес<br>▪ неспособност за извршување на работни обврски<br>▪ осиромашување и распаѓање на семејството | ▪ превентивни активности во образовниот процес<br>▪ клуб и дневен центар за рехабилитација од болести на зависност |
| 5. | **Жртви на семејно насилство**<br><br>Според податоците од Сектор за внатрешни работи бројот на лица кои побарале заштита изнесува 208 од кои 145 се жени а 63 се мажи.Најзастапено е психофизичкото насилство ,а помалку застапено е сексуалното насилатво. | ▪ закани по живот<br>▪ загрозување на безбедноста И сигурноста<br>▪ економска нестабилност<br>▪ психичка нестабилност<br>▪ намалена работна способност | ▪ советувалиште за жртви на семејно насилство ;<br>▪ советувалиште за лица кои вршат насилство;<br>▪ превентивна едукација на семејно насилство и навремена интервенција;<br>▪ обезбедување на бесплатни правни совети; |
| 6. | **Жртви на трговија со луѓе**<br>Поради сеуште нерегулираните законски норми не постојат конкретни податоци за бројот на жртви на трговија со луѓе на ликално ниво | ▪ закани по живот<br>▪ загрозување на здравјето и животот<br>▪ безбедноста и сигурноста<br>▪ економска нестабилност<br>▪ психичка нестабилност<br>▪ намалена работна способност | ▪ подигање на свеста за постоење на ризици од трговија со луѓе<br>▪ отварање на советувалиште со СОС телефон за потенцијални жртви на трговија со луѓе |

Критериумите по кои се одбрани приоротетните целни групи се одредени врз база на истражувањата направени од страна на НВО организации и податоците со кои располага Центарот за социјални работи Штип и тоа:

- лошата слика за социјалната состојба во општината

- Можноста за социјална реинтеграција на лицата со социјален ризик
- Корист со нивното вклучување во општествениот живот
- Ефекти кои би се постигнале во зедницата со разрешување на проблемите во целните групи

**Програма, партнери, цели и рокови**

| | ДЕЦА НА УЛИЦА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | | **ПРОГРАМА** | **ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ** | **ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА** | **РОКОВИ** |
| | 1.1 | Организирање на тимови за индентификација на децата и семејствата | ▪ ЦСР<br>▪ НВО<br>▪ СВР | Добивање релевантни податоци за бројот и движењето на децата на улица | Два месеци |
| | 1.2 | Едукација на родителите и децата | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Здравствени институции | Едукација на деца и родители | Четири месеци |
| | 1.3 | Клуб и дневен центар за деца на улица | ▪ ЦСР<br>▪ НВО<br>▪ Општина | Социјализација на децата | континуирано |
| | 1.4 | Организирање на систематски здравствени прегледи и организирано вакцинирање | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Завод за здравствена заштита | Превенција од заразни болести и здравствена заштита | континуирано |
| | 1.5 | Вклучување во образовниот процес | ▪ Образовни институции<br>▪ НВО<br>▪ ЦСР | Број на вклучени деца во образовниот процес | континуирано |

**Програма, Партнери, цели и рокови**

| | СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | | **ПРОГРАМА** | **ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ** | **ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА** | **РОКОВИ** |
| | 2.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета | ▪ НВО | Овозможување нормално извршување на животните потреби | континуирано |
| | 2.2 | Функционирање на мобилни тимови за здравствена грижа и нега | ▪ Здравствени работници | Овозможување на палиативна нега и грижа на стари лица | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3 | Клуб и дневен центар за стари лица | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Општина<br>▪ Бизнис сектор | Привремено згрижување на стари лица | континуирано |
| | 2.4 | Дом за стари лица со геријатриски оддел | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Здравствени работници<br>▪ Општина | Трајно згрижување на стари лица | континуирано |

## Програма, Партнери, цели и рокови

| | ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ИЛИ ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ НАД 18 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | | **ПРОГРАМА** | **ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ** | **ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА** | **РОКОВИ** |
| | 3.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета (нега и грижа) | ▪ НВО<br>▪ Здравствени работници<br>▪ ЦСР | Овозможување нормално извршување на животните потреби | континуирано |
| | 3.2 | Иницирање изградба на соодветна инфраструктура за лица со посебни потреби | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Бизнис сектор<br>▪ Општина | Постепена изградба на соодветна инфраструктурни елементи | континуирано |
| | 3.3 | Клуб и дневен центар за анимирање, згрижување и едуцирање на лицата со посебни потреби | ▪ НВО<br>▪ Културни институции<br>▪ Спортски клубови | Анимирање и социјализација на лицата | континуирано |

## Програма, Партнери, цели и рокови

| | ЖРТВИ НА БОЛЕСТИ ОД ЗАВИСНОСТ (АЛКОХОЛ, ДРОГА И НИКОТИН) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4** | | **ПРОГРАМА** | **ПАРТНЕРИ / УЧЕСНИЦИ** | **ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА** | **РОКОВИ** |
| | 4.1 | Превентивни активности во образованието | ▪ НВО<br>▪ Образовни институции<br>▪ Здравствени институции | Превентивно делување | континуирано |
| | 4.2 | Функционирање на центар за рехабилитација и ресоцијализација | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Бизнис сектор<br>▪ Општина Здравствени работници | Лекување и вклучување на зависниците во општествениот живот | Континуирано |

## Програма, Партнери, цели и рокови

| | ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | ПРОГРАМА | ПАРТН./ УЧЕСН. | ЦЕЛ НА ПРОГРАМ. | РОКОВИ |
| | 5.1 | Советувалиште за жртви на семејно насилство | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР | Намалување на последиците од семејното наслиство | континуирано |
| | 5.2 | Советувалиште за лица кои вршат семејно насилство | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР | Санирање на последиците од семејно насилство | континуирано |
| | 5.3 | Превентивна едукација на населението за препознавање на семејното насилство и интервенција | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР | Навремено откривање и интервенција на случаи на семејно насилство заради соодветна вонинституционална грижа | континуирано |
| | 5.4 | Обезбедување на бесплатана правна помош | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР<br>▪ Адвокати | Правна помош на лица жртви на семејно насилство | континуирано |

| | (ПОТЕНЦИЈАЛНИ) ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | | ПРОГРАМА | ПАРТН./ УЧЕСН. | ЦЕЛ НА РОГР. | РОКОВИ |
| | 6.1 | Подигање на свеста за постоење на ризици од трговија со луѓе | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР<br>▪ Образовни институции<br>▪ Општина (Комисија за еднакви можности) | Едукација на различни групи на население | континуирано |
| | 6.2 | Отварање на советувалиште со СОС телефон за потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ СВР<br>▪ Општина (Комисија за еднакви мошности) | Навремено откривање и интервенција на случаи на трговија со луѓе и обезбедување на соодветни информации и советодавна помош | континуирано |

# А К Ц И О Н Е Н   П Л А Н

| **1** | 1. 1 | **ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА НА УЛИЦА И НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Формирање на тим за идентификација на деца на улица | ▪ НВО<br>▪ СВР<br>▪ ЦСР | НВО | Број на идентификувани деца на улица | Еден месец |
| | | 2 | Формирање на тим за реализација на работилници | ▪ НВО<br>▪ ЦСР<br>▪ Стручни лица | НВО | Формиран тим и број на ангажирани стручни лица | 10 дена |
| | | 3 | Реализација на 4 работилници за деца на улица (развивање на хигиенски ,културолошки и социјални навики) | ▪ Деца на улица | НВО | Број на деца на улица опфатени со работилниците | Два месеца |
| | | 4 | Реализација на 4 работилници за родителите на деца на улица (развивање на хигиенски, културолошки и социјални навики | ▪ Родители на деца на улица | НВО | Број на родители на деца на улица опфатени со работилниците | Два месеца |
| | | 5 | Реализација на 4 работилници за родителите на деца на улица и деца на улица (развивање на хигиенски, културолошки и социјални навики | • Родители на деца на улица и деца на улица | НВО | Број на родители на деца на улица и деца на улица опфатени со работилниците | Два месеца |

| 1 | 1.2 | КЛУБ И ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Формирање на тим за иден-тификација, евиденција и прибирање на деца на улица | • НВО<br>• ЦСР<br>• СВР | НВО | Број на идентифику-вани , евидентирани деца на улица | Еден месец |
| | | 2. | Создавање на база на податоци и нејзино ажурирање | • ЦСР<br>• НВО | НВО | Готова база на податоци | континуирано |
| | | 3 | Обезбедување простор за дневен центар за згрижување на деца на улица | • Општина<br>• Образовни институции<br>• Верски заедници<br>• Бизнис сектор | Општина | Склучен договор за користење на просторот | Еден месец |
| | | 4. | Опремување на просторот и обезбедување на средства за работа | • Странски фондации<br>• Бизнис сектор | НВО | Обезбедени основни услови за работа | Два месеца |
| | | 5. | Изработка на програма за работа на дневниот центар | • Членови на НВО<br>• Стручни лица од различни профили | НВО | Изработена и усвоена програма за работа | Еден месец |
| | | 6. | Ангажирање на едукатори и помошен персонал | • НВО<br>• Стручни лица | НВО | Број на ангажирани стручни лица | Еден месец |
| | | 7. | Функционирање на дневниот центар за згрижување на деца на улица | • Деца на улица | НВО | Број на деца на улица кои ги користат услу-гите на дневниот центар | континуирано |

| 1 | 1.3 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носите-ли** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | **1** | Формирање на тим за евидентирање и прибирање на податоци за децата на улица | НВО<br>ЦСР<br>СВР | НВО | Формиран тим | Еден месец |
| | | **2** | Остварување на контакти со родителите и раководители-те на образовните институции | НВО | НВО | Број на остварени разговори со родителите и раководители-те на образовните институции | Еден месец |
| | | 3 | Обезбедување на документи за децата на улица | Деца на улица до 15 години | НВО | Обезбедени документи | Еден месец |
| | | 4 | Упис во соодветни училишта | Деца на улица до 15 години | НВО | Број на запишани деца во соодветни училишта | Секоја учебна година |

| **1** | **1.4** | **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СИСТЕМАТСКИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носите ли** | **Индикато-ри** | **Рок** |
| | | 1 | Формирање на мобилен тим за евидентирање и прибирање податоци за децата на улица | • НВО<br>• ЦСР<br>• СВР | НВО | Формиран мобилен тим | Еден месец |
| | | **2** | Остварување на контакт со родители-те и здрав-ствените уст. | • Чле-нови на тимот | НВО | Број на остварени контакти | Еден месец |
| | | **3** | Подготвување на распоред за реализација на систематски прегледи | • Члено ви на тимот | НВО | Подготвен и усвоен рас-поред за систематски прегледи и имунизација | Еден месец |
| | | **4.** | Реализација на системат-ски прегледи и имуниза-ција | • Деца на улица | НВО | Број на из-вршени си-стематски прегледи и вакциниран и деца | Во утврде-ниот термин според здра-вствената програма |

| 2 | 2.1 | ФОРМИРАЊЕ НА МОБИЛНИ ТИМОВИ ЗА ДОМАШНА ПОСЕТА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носител** | **Индикатор** | **Рок** |
| | | 1 | Евиденција на стари и изнемоштени лица во Општина Штип на кои им е потребна помош | ▪ НВО<br>▪ ЦСР | НВО | Број на евидентирани стари и изнемоштени лица | Два месеца |
| | | 2 | Ангажирање на стручни лица и волонтери | ▪ НВО<br>▪ Стручни лица | НВО | Број на ангажирани стручни лица | Еден месец |
| | | 3 | Обука на тимот за работа со стари и изнемоштени лица | ▪ НВО<br>▪ Стручни лица | НВО | Број на обучени лица во тимот | Еден месец |
| | | 4 | Реализација на посети на стари и изнемоштени лица | ▪ Стари и изнемо штени лица | НВО | Број на остварени посети | Континуирано |

| 2. | 2.2 | ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МОБИЛНИ ТИМОВИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И ГРИЖА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носи-тел** | **Индикатор** | **Рок** |
| | | 1 | Евиденција на стари и изнемоштени лица на кои им е потребна домашна здравствена нега и грижа | Членови на тимот | НВО | Број на евидентирани стари и изнемоштени лица на кои им е потребна здравствена нега и грижа | Континуирано |
| | | 2. | Функционирање на тимот кој ќе нуди домашна здравствена заштита | Здравствени работници | НВО | Број на ангажирани лица во тимот | Континуирано |
| | | 3. | Изготвување на распоред за посета на стари и изнемоштени лица | Стручни лица | НВО | Изготвен и усвоен план за посета на стари и изнемоштени лица | Секој месец |

| 2 | 2.3 | КЛУБ И ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носител** | **Индикатор** | **Рок** |
| | | 1 | Евиденција на стари и изнемоштени лица во Општина Штип на кои им е потребна помош | ▪ Членови на тимот | НВО | Број на евидентирани стари и изнемоштени лица | Два месеца |
| | | 2 | Обезбедување на простор за клуб и дневен центар за згрижување на стари и изнемоштени лица | ▪ Општина<br>▪ Бизнис сектор<br>▪ Верски заедници | Општина | Склучен договор за користење на простор | Три месеци |
| | | 3 | Опремување на просторот и обезбедување на средства за клуб и дневен центар | ▪ Странски фондации<br>▪ Бизнис сектор | НВО | Обезбедени основни услови за работа | Три месеци |
| | | 4 | Ангажирање на стручни лица и волонтери | ▪ Волонтери<br>▪ Стручни лица | НВО | Број на ангажирани стручни лица и број на посети | Еден месец |
| | | 5. | Изработка на програма за работа на клубот и дневниот центар | ▪ Членови на НВО<br>▪ Стручни лица од различни профили | НВО | Изработена и усвоена програма за работа | 45 дена |
| | | 6. | Функционирање на клубот и дневениот центар за згрижување на стари и изнемоштени лица | ▪ Стари и изнемош тени лица | НВО | Број на стари и изнемоштени лица кои ги користат услугите на днев. центар | континуирано |

| 2. | 2.4 | ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА СО ГЕРИЈАТРИСКИ ОДДЕЛ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носи-тел** | **Индикатор** | **Рок** |
| | | 1 | Обезбедување на простор за функционирање | ▪ Општина<br>▪ НВО | Општина | Склучен договор за обезбеден простор | Шест месеци |
| | | 2 | Опремување на простор, опрема и средства за работа | ▪ Бизнис сектор<br>▪ Странски фондации<br>▪ Амбасади | НВО | Опремен простор и обезбедена количина на средства за работа | Два месеци |
| | | 3 | Ангажирање на лица од различни профили за работа во установата | ▪ Различни профили на кадри | НВО | Број на ангажирани лица | континуирано |
| | | 4 | Изработка на план за работа на домот за стари и изнемо-штени лица со геријатриски оддел | ▪ Стручни лица | НВО | Изготвен и усвоен план за работа на домот | Еден месец |
| | | 5 | Дозвола од Министерството за труд и социјална политика за работа на домот | ▪ Општина<br>▪ НВО | НВО | Добиена дозвола за работа од Министерството за труд и социјална политика | Два месеци |
| | | 6 | Функционирање на дом за стари лица со гер.одд. | ▪ Стари и изнемоштени лица | НВО | Број на згрижени лица | континуирано |

| 3 | 3.1 | ФУКЦИОНИРАЊЕ НА МОБИЛНИ ТИМОВИ ЗА ДОМАШНИ ПОСЕТИ НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ИЛИ ТЕЛЕСНА ПОРЕЧЕНОСТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Евиденција на лица со телесна или интелектуална попреченост | ЦСР<br>НВО | НВО | Број на еви-дентирани лица со интелект. или телесна попречен. | Два месеца |
| | | 2 | Формирање и функционирање на тимови за донашна посета | НВО<br>Стручни лица | НВО | Формирање на тим за домашна посета | Еден месец<br>Континуир. |
| | | 3 | Изработка на план за работа на тимот | НВО<br>Стручни лица | НВО | Изготвен и усвоен план за работа на тимот | Еден месец |

| 3 | 3.2 | ИНИЦИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ЗА ПРИСТАП | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Идентификување на објекти за пристап | ▪ Членови на тимот<br>▪ НВО | НВО | Идентификување на објекти за лица со интелектуален или телесен хендикеп | Еден месец |
| | | 2 | Изготвување на приоритетна листа за изградба на инфраструктура за лица со интелектуална или телесена пореченост и поднесување до релевантни институции | ▪ НВО | НВО | Изготвена листа и поднесени барања | Еден месец |

| 3 | 3.3 | **КЛУБ И ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА АНИМИРАЊЕ, ЗГРИЖУВАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ИЛИ ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Активности** | **Целни групи** | **Носители** | **Индикатори** | **Рок** |
| | | 1 | Обезбедување на простор за клуб и дневен центар за анимирање на лицата со интелектуална или телесна попреченост | Општина<br>Бизнис сектор<br>Верски заедници<br>Здравствени установи | Општина | Склучен договор за користење на простор | Два месеци |
| | | 2 | Ангажирање на лица за работа во клубот и дневниот центар | Стручни лица<br>НВО | НВО | Број на ангажирани лица | Два месеци |
| | | 3 | Изработка на програма за работа на клубот и дневниот центар | ▪ Стручни лица<br>▪ НВО | НВО | Изготвена и ус-воена прогр. за работа на клубот и днев.цен. | Еден месец |
| | | 4. | Културно-забавни активности | Лица со интелектуална или телесн попреченост | НВО | Број на опфатени лица | Еднаш месечно |
